ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 108 – 1/2013
Загреб, 13. 07. 2013.

# З А П И С Н И К

од **4. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **13.07.2013 година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Крсте Атанасовски – Осиек и Милена Златеска – Пула.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата и Виолета Штерјова – член на НО на Заедницата.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 3. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2013.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2013. godine (Obrazac FP-1)“ со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Информација за донесените Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и Финансискиот план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2013 година;
5. Договор околу реализацијата на програмите во 2013 година и усвојување на донесените одлуки;
6. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 3. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта до сите друштва (прилог). Членовите на УО во кратки црти ги претставија своите случувања од информаторот. Престедателот Ламбевски ги информира присутните за неговото присуствување на неколку манифестации кај друштвата, а им се извини на оние кај што не успеал да присуствува поради големите обврски. Потоа се осврна на информаторот на Заедницата. Се поведе дискусија. М. Златеска информираше за настанот што го организираше МКД од Пула за католичкиот Велигден и нивното учество при промоцијата на новиот спот на Антонија Шола. Б. Штерјов информираше за учеството на Друштвото на Деновите на националните малцинства на Зрињевац. Ламбевски информираше дека МКД од Осиек доби признание од Град Ѓаково за долгогодишна соработка и ги пофали за добрата работа.

**Ад. 3.** За полугодишниот финансиски извештај на Заедницата „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2013. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2013. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог). Таа информираше дека е отворена нова жиро сметка на Заедницата која ќе се користи исклучително за средствата од Советот за националните малцинства на РХ, додека старата жиро сметка ќе служи за сите останати приходи. Исто така, ги замоли присутните да не доцнат со предавањето на извештаите на друштвата, односно да се придржуваат на дадените рокови.

**Забелешки:**

* М. Мајиќ – изрази незадоволство бидејќи се исплатувани аконтациски готовински средства за некои манифестации што не е во ред, бидејќи сите манифестации треба подеднакво да се третираат, особено кога се нема доволно средства.

**Предлози:**

* М. Златеска – бидејќи на МКД „Св. Кирил и Методиј" им е доделено најмалку средства во распределбата од Советот за 2013 година, членовите предлагаат ако може да се искомбинираат заеднички манифестации со останатите друштва.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2013. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Bilateralni sporazumi и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2013. godine";
- Од денешниот ден па натаму, да не се исплатуваат аконтациски готовински средства за манифестации од Заедницата, особено за трошоци кои може преку жиро сметка вирмански да се платат. Во случај на потреба за готовински средства, однапред да се договори со претседателот и членовите на УО.

**Ад. 4.** Петровска рече дека Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и Финансискиот план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2013 година се донесени по Одлуката на Советот за распределба на средствата (прилог). Врзано за тоа, таа напомена дека по членовите 17. и 43. од Статутот на Заедницата, работа на Заедницата, односно нејзина обврска е да се донесува годишен План и програма на работа и Финансиски план,

како и да се усвојуваат Финансиските извештаи на Заедницата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** донесените Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и Финансискиот план на Заедницата за периодот од 01.04.-31.12.2013 година.

**Ад. 5.** По оваа точка главно се расправаше за програмите „Илинден 1903-2013“ и „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2013.“. Претседателот Ламбевски за Илинден рече дека и оваа година ќе се организира во Препуштовец близу Загреб на 27 јули со почеток во 11 часот. Музиката сè уште се договара, а се претпоставува дека фолклор нема да има, бидејќи во контактите со неколку КУД-а од РМ, не се најде заедничко решение. Оваа година порциите за грав ќе се делат без бонови на присутните. Нема да има ни војнички шатори, бидејќи КУД „Препуштовец“ ќе обезбеди чадори за сонце, маси и столици или клупи. Поканите ќе се пратат по пат на електронска пошта, а во Загреб на околу 1000 адреси по пошта во соработка со Советот на МНМ на Град Загреб. Авансно плаќање за автобусите нема да има поради недостаток на средства. Друштвата за автобусите ќе партиципираат 20% од вкупниот износ на превозот. Со средствата за Илинден од трансферот на МКД од Риека ќе бидат директно подмирени трошоци кои накнадно ќе се договорат. Што се однесува до Летниот камп на Шолта, потпишан е Договор со Министерството за наука, образование и спорт на РХ на износ од 80.000,00 кн., а од МНР на РМ пристигна известување дека оваа година не се финансира проектот „Се запознаваме со нашето потекло“. Летниот камп ќе се одржи од 04.-11.08., а вкупната цена по лице во кампот изнесува 1.275,00 кн. За 81 дете колку се пријавени нема доволно средства, па идната недела треба да се договори точниот број на деца и водители, како и превозот и сите останати трошоци за реализација на кампот. Водителите на работилниците и професорките (4 лица), ќе бидат платени од 500,00-700,00 кн. од средствата од децата од Винковци и Вуковар кои ќе го партиципираат кампот со по 200,00 кн. За трошоците за траектот, дополнителната храна и пијалак, гардероба и сл. ќе бидат исплатени готовински средства на водителот на кампот Митревски, додека за изработка на маици и набавка на останатиот дидактички материјал за наставата ќе се плати вирмански преку жиро сметка. На дописот упатен од Советот на МНМ за Град Пула за праќање деца на Шолта (прилог), ќе се одговори откога ќе се испитаат условите во кампот за место, меѓутоа, тие деца ќе мора да одат на своја сметка или на сметка од Советот. На крајот, претседателот Ламбевски нагласи да се внимава со трошење на средствата за сите манифестации, бидејќи било какво прекорачување нема да се толерира.

**Ад. 6.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- На 4. Годишна конференција во Скопје, на 25. и 26.07.2013. организирана од Агенцијата за иселеништво на РМ, ќе присуствуваат Мирјана Мајиќ со платени патни трошоци за автобус Зд-Зг-Ск-Зг-Зд и 4 дневници (1.650,00 кн.), и Ангел Митревски со платени патни трошоци за автобус Ст-Зг-Ск-Зг-Ст и 4 дневници (1.735,00 кн.), кој износ ќе се одбие од неговиот долг од благајната;
- Да се доделат благодарници на ОУ „Стив Наумов“ од Скопје и на директорката Елена Панева за акцијата што ја преземаа за донирање на учебници и книги за учениците што ја посетуваат изборната настава по македонски јазик во Хрватска (по списокот се собрани вкупно 927 учебници и книги);
- Задолжувањето на МКД „Илинден“ од 25.11.2011. со 30 книги „Македонскиот 19. век“ од Горан Калогјера се преименува во подарок (прилог);
- Се даруваат 20 примероци од најновата книга „Македонско-хрватска тангента“ на МКД „Македонија“ од Сплит;

- Барањето на Митревски УО да го именува за координатор на училиштата на македонски јазик со автономни овластувања за предлагање и преземање одредени чекори кон МЗОС на РХ и МНР на РМ, се одложува за идната седница кога тој ќе биде присутен;
- Да се почека со купување на новиот дигитален фотоапарат до септември;
- Не се прифаќаат трите усмени барања за изнајмување на малата надворешна соба во просториите на Заедницата;
- Со барањето од Хрватскиот државен архив за достава на пописи и документација за фондовите и збирките што се наоѓаат во сопственишто на Заедницата да се причека до септември (прилог);
- Барањето на Огнен Бојаџиски за организирање трибина за Крсте Петков Мисирков на есен, на која тој би одржал предавање, да се договори преку Деновите на македонската култура со МКД „Охридски бисер"(прилог);
- На саемот „Интерлибер" во ноември во Загреб, на изложбениот штанд што ќе биде организиран преку Советот на МНМ за Град Загреб, да учествува и Заедницата со своето информирање и издаваштво.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Ламбевски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ